

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА МОДЕЛИ НА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПА

д-р Иван Дамјановски

British Embassy Skopje
UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity
WFD

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА МОДЕЛИ НА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПА

д-р Иван Дамјановски

Овој производ е подготвен во рамки на проектот Практикувај демократија, спроведуван од Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД), финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

Јули 2024

# Содржина


**ВОВЕД** ........ 3

**ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПА** ........ 4

**ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ХРВАТСКА** ........ 8

Структурална поставеност во образовниот систем ........ 8

Содржина на наставната програма ........ 9

Профил на наставници ........ 11

**ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ФРАНЦИЈА** ........ 13

Структурална поставеност во образовниот систем ........ 13

Содржина на наставната програма ........ 14

Профил на наставници ........ 16

**ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ДАНСКА** ........ 17

Структурална поставеност во образовниот систем ........ 17

Содржина на наставната програма ........ 18

Профил на наставници ........ 20

**ПРЕПОРАКИ** ........ 21


Документот е подготвтен од страна на проф. Иван Дамјановски за потребите на Сојузот на средношколци во Северна Македонија во рамки на нивните залагања за воведување на содржини од граѓанско образование како задолжителен предмет во средните училишта. Сојузот ја спроведува оваа иницијатива со менторство на проф. Ненад Марковиќ и поддршка од проектот „Практикувај Демократија“.

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА МОДЕЛИ НА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПА

## ВОВЕД

И покрај тоа што облици на граѓанско образование во Европа историски може да се трасираат уште кон почетокот на 20тиот век, тоа како стандардизирана наставна програма во рамките на образовниот процес засилено почнува да се развива во последните 50 години. Неговата важност за образовниот резвој на младите популации посебно се зајакнува во 21 век во екот на новите предизвици на опаѓачки социјален капитал, намалена доверба во демократските институции, дезинформации и недостаток на толеранција кон различностите во општеството. Основната цел на современото граѓанско образование е да формира одговорни млади граѓани кои ќе имаат доволно познавања за политичките процеси во земјата и светот и кои преку критичко размислување ќе бидат способни да земат активно учество во демократските процеси на локално и национално ниво.

Во Европа, потребата за граѓанско образование како составен дел од образовните политики е утврдена во документи на Европската Унија и Советот на Европа. Така на пример, граѓанските компетенции се наведени како клучни за граѓаните кои живеат во општествата базирани на знаење[1], а најновата Стратешка рамка за Европска соработка во областа на образование и тренинг во приоритетната област за квалитет, вклученост и еднаквост во образованието укажува на „промовирањето на граѓански, интеркултурни и општествени компетенции, меѓусебно разбирање и почит, и поседување на демократски вредности и фундаментални права на сите нивоа и видови на образование и тренинг“, како една од најважните активности за развој во образованието во следната декада.[2]

Најопфатната рамка околу граѓанското образование во Европа е претставена во "Повелбата за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права“ на Советот на Европа, која дава смерници до сите држави членки околу начинот на организација и содржината на граѓанското образование во Европа на сите нивоа на образовниот процес. Советот на Европа го дефинира граѓанското образование како „образование, обука, подигање на свеста, информации, практики и активности кои имаат за цел, преку опремување на учениците со знаење, вештини и разбирање и

---

[1] Recommendation 2006/962/EC of the European Parliament and of the Council of 18 December on key competences for lifelong learning, OJ L 394, 30.12.2006.

[2] Council of the European Union (2021), Council Resolution on a strategic framework for European cooperation in education and training towards the European Education Area and beyond (2021-2030), (2021/C 66/01)

развивање на нивните ставови и однесување, да ги овластат да ги користат и бранат нивните демократски права и одговорности во општеството, да ја вреднуваат различноста и да играат активна улога во демократскиот живот, со цел кон промоција и заштита на демократијата и владеењето на правото“. [3] Истовремено, Повелбата повикува и на едукација за човековите права која треба да ги спреми учениците да придонесат кон градењето и одбраната на универзална култура на човекови права во општеството, со цел кон промоција и заштита на човековите права и фундаменталните слободи.

Имајќи го во предвид овој контекст, ова истражување има за цел да даде компаративна анализа на состојбите со граѓанското образование во Европа со посебен акцент на три посебни студии на случај. Истражувањето се фокусира врз три клучни карактеристики на развојот на современото граѓанското образование во рамките на основното и средношколското образование во Европа, т.е. ги адресира прашањата околу начинот на кој граѓанското образование е интегрирано во националните курикулуми во европските држави; содржината на наставните програми; и профилот на наставници кои ја изведуваат наставата по граѓанско образование. Истражувањето започнува со општа компаративна анализа на главните текови на граѓанското образование во Европа во контекст на овие елементи, за потоа да продолжи со три конкретни студии на случај на елементите на граѓанско образование во Данска, Франција и Хрватска. Истражувањето завршува со неколку препораки околу евентуална реформа на граѓанското образование во Северна Македонија базирани врз најдобрите компаративни искуства од европските земји.

# ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПА

Граѓанското образование во некаква форма е присутно во образовните системи (на ниво на примарно и(ли) секундарно образование) во сите европски држави. Во најширока смисла граѓанското образование во образовните политики на европските држави цели кон развивање на знаење околу демократските и политичките процеси и почитувањето на човековите права; развивање на вештини на критичко размислување, но и вештини за активна партиципација, интер-персонална интеракција и интеракција со заедницата и демократските институции. Меѓутоа, кога станува збор за граѓанското образование како сеопфатна јавна образовна политика која подразбира структурни, содржински и педагошки специфики, можат да се забележат големи разлики низ образовните системи на европските држави. Доколку се анализира извештајот на

[3] Council of Europe (2010), Committee of Ministers Recommendation CM/Rec(2010)7 on the Council of Europe Charter on Education for Democratic Citizenship and Human Rights Education

Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA)[4] околу спецификите на граѓанското образование во 42 европски држави, воочливи се сериозни дискрепанци во начинот на кој е организирано граѓанското образование во однос на трите клучни елементи кои се предмет на оваа анализа.

Прво, воочливи се три генерални стратегии на имплементација на граѓанското образование во наставната програма во рамките на образовниот процес:

- Граѓанското образование се провлекува низ целата наставна програма во скоро сите предмети, при што елементи од граѓанското образование се очекува да бидат предавани од скоро сите учители
- Граѓанското образование е интегрирано во определен број на специјализирани задолжителни предмети кои најчесто припаѓаат на групата на општествени и хуманистички науки
- Граѓанското образование се предава како посебен предмет

Во најголемиот број на европски земји се практикуваат комбинации од првите две стратегии, додека бројот на држави каде граѓанското образование се имплементира преку посебен предмет е за нијанса понизок. Во оние системи каде граѓанското образование е интегрирано низ целиот курикулум, тоа е обично регулирано преку официјални документи на владини образовни агенции во кои прецизно се наведуваат темите кои би требало да бидат опфатени, компетенциите кои треба да се генерираат, и начинот на кој истите би требало да бидат пренесени во рамките на целокупната наставна програма во рамките на примарното и секундарното образование.

Кога пак граѓанското образование е интегрирано во определен број на специјализирани задолжителни предмети[5], воочливи се разлики помеѓу државите во однос на видовите на задолжителни предмети во чии што рамки се изучуваат темите поврзани со граѓанското образование. Најчесто, граѓанското образование е дел од наставната програма на специјализирани предмети по општествени науки, политичка едукација или социологија. Во определени случаи, граѓанското образование е интегрирано во наставните програми на предметите Географија и(или) Историја. Во некои држави (на пр. Германија, Унгарија, Полска, Словачка) граѓанското образование се изучува и во рамките на предметот етика и(ли) религиозно образование.

Финално, во 17 европски држави, покрај интеграција на граѓанското образование низ различни предмети во курикулумот, граѓанското образование се третира и како засебен задолжителеен предмет. Меѓутоа, во овие образовни системи постојат големи варијации во поглед на застапеноста на предметот како во поглед на неговата присутност во примарното и(ли) секундарното образование, така и во поглед на бројот

[4] European Commission/EACEA/Eurydice (2017), Citizenship Education at School in Europe – 2017. Eurydice Report, Luxembourg: Publications Office of the European Union.

[5] Ова е случај во 19 европски држави.

на часови со кои е застапен предметот. Така, во некои држави граѓанското образование е застапено како посебен предмет и во основните и во средните училишта, додека во повеќето држави овој предмет е повеќе присутен во рамките на средношколското образование. На пример, во Франција и валонскиот дел на Белгија, граѓанското образование се предава како посебен предмет во сите години од основното и средношколското образование. Во Естонија, Словачка и Финска граѓанското образование се предава во 7 или 8 години од примарното и секундарното образование, додека во некои држави овој предмет се предава само во рамките на средношколското образование. И тука има значителни варијации, бидејќи во некои држави граѓанското образование се предава во сите години од секундарното образование, а во други тоа е ограничено на две или на само една година од формалниот образовен процес.

Второ, кога станува збор за содржината на наставните програми по граѓанско образование, во поширока смисла постојат многу сличности во опфатот на темите и компетенциите кои се предвидуваат во наставната програма. Така, во скоро сите образовни системи во Европа, номинално се предвидува развој на интер-персонална комуникација, демократска и општествена одговорност и активност и критичко размислување. Поконкретно, овие одредници се остваруваат преку низа на поконкретни компетенции кои би требало да се развиваат низ примарното и секундарното образование на учениците. Така, компетенциите поврзани со интерперсонална комуникација и личен развој се третираат во рамките на примарното образование преку одредници кои вклучуваат теми како одговорност, лична автономија, соработка, разрешување на конфликти, интер-културни вештини и почитување на различни мислења и верувања. Во рамките на секундарното образование се обработуваат покомплексни теми поврзани со критичко мислење, демократско однесување и политичка партиципација преку одредници кои вклучуваат теми како интерпретација на податоци, аналитички вештини, медиумска писменост, почитување на човекови права, познавање и почитување на други култури и религии, почитување на демократските вредности, политичките институции и процеси, познавање на меѓународните организации, познавање на фундаменталните политички и општествени концепти, но и компетенции за интеракција со политичките власти и партиципација во демократските процеси и цивилното општество.[6] Меѓутоа, и покрај номиналната компатибилност на содржината на наставните програми за граѓанско образование во европските држави, постојат големи разлики во реалната имплементација на овие програми и нивната ефективност во градењето на компетенциите кај учениците. Во овој контекст, голема улога има и застапеноста на овие теми во националните наставни програми во европските држави. Оваа застапеност може значително да варира. На пример кај европските држави каде граѓанското образование е третирано и преку засебен задолжителен предмет, минимумот на

[6] European Commission/EACEA/Eurydice (2017), Citizenship Education at School in Europe – 2017. Eurydice Report, Luxembourg: Publications Office of the European Union.

препорачани часови на годишно ниво во средношколското образование се движи од помалку од 10 часа  во Литванија и Црна Гора, до повеќе од 50 часа во Франција.

Трето, можеби и најважниот фактор за успешна имплементација на граѓанското образование во националните курикулуми се компетенциите на наставниот кадар кој е задолжен за спроведување на наставните програми. Имајќи ги во предвид мултидисциплинарниот карактер на граѓанското образование и недостатокот на профилирани кадри во оваа област, обезбедувањето на квалитетни предавачи е можеби најголемиот предизвик во имплементацијата на граѓанската/политичка едукација во Европа. Имено, ефективната граѓанска едукација подразбира наставници кои имаат темелни познавања на политичкиот и економскиот систем, човековите права, демократските институции и принципи и процесите на одлучување, меѓународните односи, цивилното општество и (мулти) културните аспекти на општествениот живот. Покрај тоа, од наставниците по граѓанско образование се очекува и примена на специфични педагошки методи кои се фокусираат на создавање на демократска и интерактивна атмосфера во предавалната која ќе стимулира групна работа и критичко размислување преку дискусии и дебати. Очигледно дека станува збор за високи критериуми кои во многу случаи многу тешко се достигнуваат од страна на наставниот кадар во основните и средните училишта низ Европа. Така, во рамките на средношколското образование, наставници кои се потполно специјализирани или (многу почесто) полу-специјализирани во областа на граѓанското образование се јавуваат само во 10 европски држави.[7] Во сите други образовни системи граѓанското образование се спроведува од наставници кои имаат специјализација во други области.

Притоа, во оние образовни системи каде граѓанското образование се спроведува и во основните училишта, најчесто наставата на тоа ниво се спроведува од општи наставници, со исклучок на Белгија (валонски дел), Данска, Луксембург и Естонија, каде наставата ја спроведуваат специјализирани наставници во сродни области како политички науки, социологија, филозофија, економија и сл. На средношколско ниво, во оние држави каде постои засебен предмет по граѓанско образование, тој најчесто се спроведува од наставници кои имаат специјализација во некоја од претходно наведените области. Во оние држави каде граѓанското образование се спроведува крос-курикуларно, најчесто наставниците немаат специјализација, при што во најмалку 9 држави се бара тие наставници да имаат завршено обука за спроведување на наставата во областа на граѓанско образование.

Во овој контекст, постои значителна дискрепанца околу тоа колку европските држави вложуваат во инфраструктура и ресурси кои им стојат на располагање на наставниците. Околу две-третини од европските држави нудат програми за до-едукација на наставниот кадар во областа на граѓанското образование најчесто во форма на семинари, работилници или електронски курсеви. Меѓутоа, постои голема варијација во поглед

[7] Ибид

искористеноста и интензитетот на овие обуки. Само во 13 европски држави граѓанското образование е вклучено како опција во иницијалниот тренинг на новите наставници (Initial training education). Притоа, во повеќе од 20 држави (вклучувајќи ги повеќето држави од Балканскиот регион) не постои национална регулација на компетенциите кои наставниците кои предаваат теми од областа на граѓанско образование би требало да ги поседуваат. Финално, во помалку од 20 образовни системи постои централизирано државно координативно тело кое е одговорно за континуиран професионален развој на наставниот кадар чија што програма вклучува и надоградба во областа на граѓанското образование.[8]

## ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ХРВАТСКА

Во Хрватска, облици на граѓанско образование за прв пат се вклучуваат во образовниот систем во 1999 година кога ќе биде донесена Националната програма за воспитување и образование за човекови права и демократско граѓанство. Со оваа програма граѓанското образование се третира како меѓупредметна материја која се спроведува низ повеќето предмети на националниот курикулум. Наредната реформа на граѓанското образование е воведена во 2014та година, каде се задржува крос-курикуларната имплементација на програмата и се отфрла идејата за засебен предмет. Последната реформа е воведена во 2019 година со усвојувањето на „Курикулумот на меѓупредметната тема граѓанско воспитување и образование за основни и средни училишта", која за прв пат ќе почне да се имплементира во учебната 2019/2020 година.

### Структурална поставеност во образовниот систем

И со последната реформа на наставните програми во хрватското образование воведена во 2019 година, граѓанското образование е предвидено во Националниот курикулум за основно и средношколско образование[9] и е структурирано како меѓупредметна (крос-курикуларна) тема чии што цели се предвидени да бидат спроведени преку нивен опфат низ целиот курикулум, т.е. низ повеќе предмети во основното и средношколското образование. Притоа, граѓанското образование е предвидено да биде опфатено во сите години од основното и средношколското образование. Темите кои се предвидени за секоја година од основното и средното образование се предвидени да бидат интегрирани во наставата на класните часови во комбинација со поголем број на

[8] Ибид

[9] Ministarstvo znanosti i obrazovanja (2017), Nacionalni kurikulum za osnovnoškolski odgoj i obrazovanje, Prosinac 2017.; Ministarstvo znanosti i obrazovanja (2017), Nacionalni kurikulum za gimnazijsko obrazovanje, Prosinac 2017.

предмети кои најчесто се класифицирани во општествено-хуманистичкото подрачје, т.е. Политика и стопанство, Социологија, Психологија, Историја, Филозофија, Географија, Логика и Веронаука и етика. Начинот на организирање на наставата не е централно регулиран и останува дискреционо право на наставниците да одлучат на кој начин ќе ја имплементираат материјата.

И покрај тоа што се нуди како можност во училиштата, во хрватскиот образовен систем не постои развиена национална програма за граѓанското образование како вонкурикуларна активност.[10] Ваквите активности се предвидени како дискрециони овластувања на локалните училишта и општини да организираат дополнителна настава по граѓанско образование како изборен предмет надвор од задолжителниот курикулум.

## Содржина на наставната програма

Според националната наставна програма, имплементацијата на меѓупредметната тема граѓанско образование е насочена кон остварување на 4 критични цели:[11]

1. Да се развие граѓанска компетентност која на учениците како информирани, активни и одговорни на членови на општествените заедници на сите нивоа, им овозможува ефективно вршење на нивната граѓанска улога.

2. Да се стекнат знаења за човековите права, политичките концепти, процеси и политички системи, како и карактеристиките на демократската заедница и начините на учество во нејзиниот политички и општествен живот.

3. Промовирање на вредностите на човековите права (човечко достоинство, слобода, рамноправност и солидарност), демократските принципи во заедницата во и надвор од училишниот живот, развивање на критички вештини за размислување и аргументација, како и комуникациски вештини потребни за општествено и политичко учество во процесот на формирање на целосното искуство на активно граѓанство.

4. Во демократска училишна атмосфера и поширока демократска заедница да се развиваат со Уставот пропишани основни вредности - слобода, еднаквост, етика, морал, семејни вредности и вредноста на бракот, националната и родовата еднаквост, создавањето мир, социјална правда, почитување на човековите права, неповредливост на имотот и домот, зачувување на природата и

[10] Pažur, Monika (2022), Komparativna analiza institucionalizacije građanskog odgoja i obrazovanja u Hrvatskoj, Austriji, Francuskoj i Njemačkoj. Zagreb: Gong.

[11] Ministarstvo znanosti i obrazovanja (2019), Kurikulum međupredmetne teme Građanski odgoj i obrazovanje za osnovne i srednje škole.

човековата средина, владеењето на правото и демократскиот повеќепартиски систем.

Притоа, структурно овие цели е предвидено да се остварат преку опфаќање на теми во процесите на формално и неформално учење кои се фокусираат на три приоритетни области, т.е. доменот на човекови права, доменот на демократија и доменот на општествена заедница.[12] Курикулумот за граѓанско образование под доменот на човековите права подразбира „стекнување знаења, стекнување вештини и развивање ставови во контекст на учење и практикување на детските и човековите права" со долгорочна цел да се создаде култура на почитување на различностите врз основа на универзалните вредности на човековите права, како и развојот на системот за нивна ефикасна заштита. Под доменот демократија, курикулумот подразбира „вклучување на учениците во процесите на креирање правила кои ќе ги почитуваат и со тоа ќе придонесат за еднаквост и почитување на различностите во заедницата и општеството", а со цел стекнување компетенции за разликување и разбирање на правно регулираните системи и самостално одлучување. Доменот општествена заедница предвидува содржини кои „го усмеруваат ученикот кон активно делување во рамките на заедницата" и предвидуваат стекнување на знаења, развивање на вештини и обликување ставови околу важноста на усогласувањето на личните и заедничките интереси во заедницата и учеството на сите граѓани во придонесот за општото добро.

Кога станува збор за конкретната содржина на меѓупредметните програми за граѓанско образование, таа е индикативно претставена во националниот курикулум за секоја година од основното и средното образование посебно, а класифицирана врз основа на трите приоритетни области. Притоа, дидактичкиот и педагошкиот пристап се разликува во однос на транзицијата од пониски кон повисоки одделенија и од основно кон средно образование. Така, темите кои би требало да се обработат во првите 4 години од основното образование опфаќаат прашања поврзани со детските права, солидарност, ненасилно однесување, стереотипи, предрасуди и што треба да се превземе кога се кршат човековите права. Во повисоките одделенија од основното образование предвидено е да се обработуваат покомплексни прашања како политичкиот процес, демократија, демократско одлучување, овластувањата на локалната самоуправа, улогата на медиумите, институциите на хрватскиот политички систем, политичките партии, поделбата на власта, генерациите на човекови права, дискриминација и општествена солидарност.

Во средношколскиот систем, граѓанското образование продолжува да се имплементира низ призмата на трите клучни области, при што се предвидува поширок опсег на содржини и педагошки пристап кој е повеќе насочен кон критичко обмислување на

[12] Ибид

темите. Содржински, курикулумот во средношколското образование се сосредоточува на теми поврзани со изучување на инструментите за заштита на човековите права, системот на заштита на човековите права во Хрватска, малцински права, граѓанско учество во заедницата, родови идентитети, работнички права, моќ, власт и извори на власта, контрола на власта, демократски и недемократски режими, институциите на Европската Унија, народ, нација легалитет, легитимитет, партиципативна демократија, избори и изборни системи, корупција, невладини организации и начелата на општествена солидарност.

Истовремено, очекувањата од имплементацијата на курикулумот се однесуваат и на партиципативност на учениците преку препораки до наставниците да стимулираат истражувачки проекти во областите на човекови права и демократија, организирање на симулации на политички институции, посети на институции, како и активно учество на учениците во акции на локално ниво, учество во проекти за човекови права и волонтерски активности.

Притоа, и покрај тоа што во националниуот курикулум се наведени определени смерници околу оценувањето и вреднувањето на трудот на учениците, не е предвидена централизирана политика на оценување, туку таа во најголема мера е препуштена на проценката на индивидуалните наставници

## Профил на наставници

Имајќи во предвид што во хрватскиот образовен систем граѓанското образование не е претставено со засебен предмет, а со оглед на неговиот третман како меѓупредметна категорија, скоро целокупниот наставен кадар кој е вклучен во покривањето на темите на граѓанско образование нема специјализација во соодветната област. И покрај тоа што Националниот курикулум многу накратко укажува на улогата на наставниците во имплементацијата на граѓанското образование, сепак во хрватската образовна политика не постојат национално пропишани компетенции за граѓанското образование кои би се развивале на педагошките академии или на други нивоа на терцијарното образование.[13] И покрај тоа што во хрватскиот образовен систем постои Агенција за воспитување и образование која е одговорна за организирање активности за континуирана надоградба на наставниците, можностите за доусовршување на наставниците се многу ретки. Истовремено, во државата не постои централизирано тело кое би било одговорно за спроведувањето на сите аспекти на граѓанското образование. Ова вклучува и недостаток на централизиран ресурсен центар за соодветни учебници и материјали кои воедначено би се користеле во наставата за граѓанско образование. Напротив, кои ресурси ќе се

[13] Pažur, Monika (2022), Komparativna analiza institucionalizacije građanskog odgoja i obrazovanja u Hrvatskoj, Austriji, Francuskoj i Njemačkoj. Zagreb: Gong.

користат е оставено на самите училишта и во некои случаи општинските власти. Во овој контекст, голема улога играат организациите на цивилно општество кои работат на создавање на ресурсни датотеки со материјали, прирачници и учебници за граѓанско образование.[14]

Оттука, во услови на голем дефицит на можности за усовршување на наставниот кадар во областа на граѓанско образование, недостатокот на компетенции и стручност за изведување на наставата се наметнуваат како најголем предизвик во спроведувањето на амбициозните цели на националниот курикулум на меѓупредметната програма. Постоењето на значителен диспаритет помеѓу приоритетите и можностите за нивно исполнување од страна на наставниците се потврдува и во последните квалитативни истражувања на перцепциите на наставниците кои се вклучени во изведувањето на наставата на предметите кои вклучуваат теми од граѓанското образование. Така, најголемиот дел од наставниците сметаат дека не се доволно едуцирани за ефективно спроведување на наставата по граѓанско образование, а иницијалната едукација која ја добиле во ова поле била незадоволителна и од содржински аспект, но и од аспект на методика на спроведување на меѓупредметните програми.[15] Со оглед на тоа што наставниците се оптеретени со сопствени задолжителни предмети за кои се специјализирани, тие најчесто немаат желба да се впуштаат во дополнителен ангажман. Притоа, наставниците во гимназиите се најмалку задоволни со обврските кои им се наметнуваат како последица на меѓупредметниот карактер на граѓанското образование.[16]

Оттука, како клучен фактор на успешноста на граѓанското образование во училиштата се наметнува степенот на мотивираност на наставниците кои се вклучени во наставата. Во овој контекст, определен допринес за квалитетот на граѓанското образование на локално ниво може да даде и локалната самоуправа. Добар пример за ова е општината Ријека, која во 2016 година ќе лансира проект во училиштата на нејзина територија за имплементирање на воншколска настава по граѓанско образование за учениците во основните училишта кој ќе се покаже како многу успешен, дотолку што моделот на

---

[14] Така на пример веројатно најисцрпната колекција на материјали за граѓанско образование во Хрватска е GOOD иницијативата која се состои од преку 40 невладини организации. За повеќе, види: https://goo.hr/materijali-i-publikacije-good-inicijative-za-skole/

[15] Kovačić, Marko., Nikola. Baketa i Marija. Bajkuša (2023), Provedba međupredmetne teme “Građanski odgoj i obrazovanje” u osnovnim i srednjim školama u Hrvatskoj: rezultati kvalitativnog istraživanja. Zagreb: Forum za slobodu odgoja.

[16] Batur, Matija (2017), Izvještaj o ispitivanju stavova nastavnika. Zagreb: Agencija za odgoj i obrazovanje.

граѓанско образование кое се практикува во оваа општина ќе биде преземен и успешно имплементиран во неколку други општини во Хрватска.[17]

## ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ФРАНЦИЈА

Граѓанското образование во Франција е воведено во 1996 година кога како засебен предмет ќе почне да се имплементира во седмата година од примарното образование. Интересот за граѓанското образованиое ќе се интензивира во наредните години, а посебно после терористичките напади во 2015 година, кога ќе биде усвоен акциониот план за „Голема мобилизација на училиштата за вредностите на републиката". Од овој план, во 2016 ќе произлезе иницијативата „Граѓански патоказ" (Parcours citoyen), насочена кон зајакнување на граѓанското образование на сите нивоа на едукација. Овој процес вклучува и сериозна реформа на третманот на граѓанското образование во образовниот систем, при што финалниот исход ќе биде воведувањето на нов предмет наречен Морално и граѓанско образование (l'Enseignement moral et civique) кој ќе започне со имплементација од учебната 2015-2016 година.

### СТРУКТУРАЛНА ПОСТАВЕНОСТ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Франција е држава која посветува најмногу внимание и ресурси за граѓанското образование како составен дел од националниот курикулум во примарното и секундарното образование. Во наставната програма на национално ниво, граѓанското образование е опфатено со посебен предмет, Морално и граѓанско образование, кој има третман на задолжителен предмет кој се имплементира во сите години на основно и средношколско образование. Притоа, покрај воведувањето на задолжителен предмет, граѓанското образование се третира и како меѓупредметна, т.е. крос-курикуларна тема, која би требало да се провлекува и низ наставата на други предмети. [18] Истовремено, се стимулираат и дополнителни вон-школски активности насочени кон зајакнување на граѓанската компонента во едукативниот развој на младите. Францускиот образовен систем е и на првото место во Европа и по бројот на часови кои се распределени за граѓанското образование во формалниот образовен процес. Во зависност од годината на одделението, бројот на часови варира од еден до три часа неделно.

---

[17] Novilist,Preko šest stotina riječkih osnovaca ove godine pohađalo građanski odgoj, još toliko i program Moja Rijeka, 19.06.2024, https://www.novilist.hr/rijeka-regija/rijeka/preko-sest-stotina-rijeckih-osnovaca-ove-godine-pohadalo-gradanski-odgoj-jos-toliko-i-program-moja-rijeka/

[18] Solidar foundation (2021), Citizenship and lifelong learning monitor 2020: report France, Brussels. https://www.solidar.org/wp-content/uploads/2024/02/clll_monitor2020_national_report_france.pdf

Во поддршка на имплементацијата на граѓанското образование во Франција, со текот на годините е изграден  робусен логистички систем. Така, во рамките на ресурсниот центар за наставници на Министерството за национално образование и млади,  EDUSCOL[19], постои екстензивна база на ресурси кои им стојат на располагање на наставниците по граѓанско образование. Овие ресурси вклучуваат материјали за наставата, учебници, како и материјали и различни работилници насочени кон професионално усовршување на наставниците.

## Содржина на наставната програма

Според Националниот курикулум за морално и граѓанско образование, основната цел на граѓанското образование во францускиот образовен систем е да ги обучи учениците во свесност за и практикување на граѓанство. Ова предвидува опфат на „сите етички и политички димензии на граѓанството, од меѓучовечките односи на децата и адолесцентите во и надвор од училницата, до нивниот ангажман во економскиот, општествениот и политичкиот живот, имајќи предвид локални, национални и глобални прашања, вклучувајќи ја и улогата што можат да ја играат во рамките на училишната демократија.“ Притоа, наставната програма експлицитно ги наведува институционалната рамка на Француската Република и Европската Унија, медиумското и информатичкото образование и образованието за одржлив развој како генерички теми кои треба да бидат опфатени со наставните програми. Дополнително, посебен акцент се става врз „човечката димензија на општествените, политичките, економските и културните односи, помагајќи да се развие капацитетот за емпатија кај учениците“.[20]

Националната програма по Морално и граѓанско образование се заснова на неколку општи приоритети: вредностите и принципите на републиката; местото на моралното и граѓанското образование во граѓанската траекторија; републиканското граѓанство; градење на демократска култура и прогресивност. Содржината на програмата на предметот Морално и граѓанско образование е конкретно претставена во националниот курикулум за секоја година од основното и средното образование, со презентација на соодветните концепти и теми кои треба да се опфатат во учењето, како и насоки за можните пристапи и ситуации кои може да ги користат наставниците во остварувањето на зацртаните цели. Основните цели на програмата по Морално и граѓанско образование се дефинирани како „почитување на другите“, „стекнување и споделување на вредностите на Републиката“, и „градење на граѓанска култура“. Притоа, основната мисија на исполнувањето на овие цели е низ образовниот процес стекнатото знаење и совладаните вештини да се инкорпоритаат во четири специфични култури на поведение кај младите луѓе, т.е. чувствителност и развој на свеста (la culture de la sensibilité), право

[19] https://eduscol.education.fr
[20] https://www.education.gouv.fr/sites/default/files/ensel934_annexe_ok.pdf#page8

и правда (la culture de la règle et du droit), расудување (la culture du jugement ) и активна вклученост (la culture de l'engagement).

Кога станува збор за основното образование, принципи и теми кои се опфатени со националната програма се однесуваат на прашања поврзани со идејата за слободата, детски и ученички права и обврски, еднаквост, идентитет, дигнитет, француската република, братство, граѓански одговорности, секуларност, одговорност кон јавното добро, демократија, дискриминација и толеранција, републикански симболи, и политички права.

Во средношколското образование се обрнува внимание на покомплексни и попрактични прашања кои се насочени кон учење како да се живее во демократски општества и опфаќаат концепти како: репрезентативна и делиберативна демократија, гласање на избори, слобода на совеста, идентитетски прашања, правна еднаквост, екстремни форми на дискриминација (расизам, ксенофобија и сл.), општествени и еколошки ризици, одбрана на човековите права и слободи, уставни начела, европско и меѓународно право, децентрализација, политичкиот и институционалниот систем во Франција и во Европската Унија, како и прашања поврзани со медиумските слободи, слободата на изразување и јавното мислење.

Она што е специфично за францускиот образовен систем во генеричка смисла, а посебно во контекстот на граѓанското образование е посветеноста кон развојот на вештини за критичко размислување и решавање на комплексни проблеми. Овој пристап е посебно акцентиран во средношколскиот систем на образование, каде во насоките до наставниците околу нивниот педагошки и дидактички пристап во имплементацијата на предметот Морално и граѓанско образование, националната наставна програма инсистира на активна партиципација на студентите во анализа на правни документи, групни и индивидуални истражувачки ангажмани, анализирање на студии на случај и учество во групни проекти од застапувачка природа кои би се развивале во, но и надвор од училницата.

Францускиот образовен систем е значително централизиран со цврсто одредени одредници на наставните програми по сите предмети и тука Моралното и граѓанското образование не е исклучок. Ова се однесува и на политиката на оценување која во голема мера се базира на стандардизирани тестови и не остава преголем простор за импровизација кај наставниците. Во рамките на ресурсниот центар EDUSCOL, наставниците можат да најдат општи и специфични критериуми за евалуација на секој предмет кој се спроведува во рамките на националната наставна програма на сите нивоа на образование, вклучувајќи го и предметот Морално и граѓанско образование.[21] Притоа, во процесот на евалуација се користат и национални испити и екстерна евалуација која ја спроведува државниот инспекторат, а препорачаниот модел на

[21] https://eduscol.education.fr/2708/enseignement-moral-et-civique-cycles-2-3-et-4

вреднување на стекнатото знаење и вештини се состои од писмени тестови, опсервација од страна на наставникот, само-евалуација и вреднување за учество во проектни задачи.[22]

### Профил на наставници

Наставниот кадар кој го спроведува предметот Морално и граѓанско образование е полу-специјализиран кадар кој најчесто се состои од наставници по историја или географија кои вообичаено поминале фаза на кратка доедукација во областа на граѓанско образование. Наобразбата на сите наставници во францускиот образовен систем во областа на граѓанското образование сериозно ќе се зајакне со усвојувањето на горенаведениот акционен план за „Голема мобилизација на училиштата за вредностите на републиката" во 2015. Овој план ќе ја усоврши рамката за компетенции на сите наставници која предвидува усовршување на учителската струка на сите нивоа на основно и средношколско образование во насока на: промовирање на секуларизам и отфрлање на сите форми на насилство и дискриминација; промовирање на вредностите на републиката; земање во предвид на различностите кај учениците и помош за учениците во процесот на учење; делување како одговорен и етичен учител; интегрирање на дигитални алатки во наставниот процес; тимска соработка со родителите и партнерите на училиштето; и придонесување кон дејностите на школската заедница.[23]

Во насока на остварување на овие компетенции кај наставниците, во рамките на централизираниот систем на управување со образованието функционира Општа управа за образование која е одговорна за националните одредници за надобразба на наставниците во областа на граѓанското образование. Надобразбата ја имплементира Генералниот инспекторат кој утврдува годишни планови и програми за тренинг на наставниците низ различни образовни инстуционални форми.[24]

Во поддршка на континуирана до-едукација на наставниците во областа на граѓанското образование функционира електронскиот ресурсен центар EDUSCOL, на чија што веб страна на наставниците им стои на располагање екстензивна библиотека на материјали за настава и континуирана до-едукација.

Сепак, и покрај робусно организираниот систем за усовршување на наставниот кадар, недостатокот на мотивација и преоптеретеност на наставниците со настава на други

---

[22] Pažur, Monika (2022), Komparativna analiza institucionalizacije građanskog odgoja i obrazovanja u Hrvatskoj, Austriji, Francuskoj i Njemačkoj. Zagreb: Gong.
[23] European Commission/EACEA/Eurydice (2017), Citizenship Education at School in Europe – 2017. Eurydice Report, Luxembourg: Publications Office of the European Union. стр. 45

[24] Pažur, Monika (2022), Komparativna analiza institucionalizacije građanskog odgoja i obrazovanja u Hrvatskoj, Austriji, Francuskoj i Njemačkoj. Zagreb: Gong. стр. 15

предмети се наметнува како предизвик во основните и средните училишта. Во некои училишта се случува наставата по граѓанско образование да се спојува со наставата по предметите Историја или Географија во согласност со основната специјализација на наставникот кој е задолжен за имплементација на предметот Морално и граѓанско образование.[25] Ваквите пракси го разводнуваат квалитетот на настава и само површно ги адресираат зацртаните цели на националната наставна програма по граѓанско образование.

## ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ДАНСКА

Данското образование има репутација на еден од најцелисходните и најуспешни едукативни системи во светот. Оваа квалификација важи и за граѓанското образование, посебно во контекст на степенот на познавање на материјата и демократската партиципативност на данските ученици кои редовно се рангираат меѓу најдобрите во светот. Меѓутоа, граѓанското образование како утврден термин не се појавува во ниту еден национален документ со кои се регулира образованата политика во државата. Оваа материја за прв пат законски се тангира во 1970тите години, но во контекст на подготовка на учениците за живот во демократски амбиент. Така, во преамбулата на Законот за образование од 1975 год. Стои дека „училиштето мора да ги подготви учениците за партиципација, споделена одговорност, права, задолженија во општество засновано на слобода и демократија...оттука, предавањата и дневните активности на училиштето мора да се спроведуваат во духот на интелектуална слобода и демократија“ [26] (Liberkind 2020: 21). Подоцна, во 2000тите сукцесивните закони за образование ќе посветат повеќе внимание на демократската партиципација на учениците, но и на правата и обврските како сеопфатна тема во образовниот процес.

### Структурална поставеност во образовниот систем

Пристапот на данскиот образовен систем кон граѓанското образование е холистички, т.е. се базира на германскиот концепт на Bildung кој подразбира целокупен образовен процес насочен кон еманципација на поединецот и изградба на целосна личност. Оттука, граѓанското образование се третира како меѓу-предметна, крос-курукуларна, но и вон-курикуларна тема која би требало да се адресира низ целопкупното образование на учениците.

[25] Оваа констатација е резултат на сопствено квалитативно истражување на авторот базирано на интервјуа со доскорешни средношколски ученици од неколку француски региони.
[26] Цитирано кај: Lieberkind, Jonas (2020), Democracy and togetherness: between students' educational and political status– a study of primary and lower secondary education in Denmark, Multicultural Education Review, 12:1, pp. 17-30

Со оглед на децентрализираниот карактер на данското образование, граѓанското образование не е регулирано со ниту еден специфичен национален документ за формалното образование, ниту со специјализирана наставна програма која би содржела препораки за темите и начините на спроведување на наставата во оваа област. Напротив, спецификите околу начинот на спроведување на граѓанското образование во училиштата најчесто се во надлежност на локалните власти или пак на самите училишта и(ли) наставниците.[27]

И покрај тоа што граѓанското образование како тема се очекува да биде опфатена од поголемиот број на предмети кои се дел од наставната програма, сепак тоа во најголема мера е опфатено во рамките на три предмети: Христијанство и животно образование, Филозофија/етика и Општествени науки. Предметот Христијанство и животно образование е првенствено наменет за основното образование (прво до седмо одделение) и само делумно опфаќа теми од областа на граѓанското образование. Најголемиот опфат на темите и практиките на граѓанското образование е покриен од предметот Општествени науки кој за прв пат се слуша во седмата и осмата година од образовниот процес, а потоа продолжува со имплементација до крајот на средношколското образование. Овој предмет има третман на задолжителен предмет и Министерството за образование препорачува тој да биде опфатен со најмалку два часа неделно во текот на целата школска година.[28]

## Содржина на наставната програма

Најспецифичната препорака за граѓанското образование се содржи во Законот за образование во јавните училишта каде се наведува дека училиштето „мора да ги подготви учениците за учество, заедничка одговорност, права и должности во општество со слобода и демократија. Затоа, функционирањето на училиштето мора да биде обележано со слобода на духот, подеднаква вредност и демократија“.[29] Како што беше наведено погоре, голем дел од овие критериуми се адресираат преку предметот Општествени науки. Во легислативните акти примарните цели на предметот Општествени науки се дефинирани во насока на овозможување на „знаење за општеството и историските промени“, и подготовка на учениците да „бидат активни членови на демократското општество“ преку восприемање на „знаење и вештини од

[27] Mouritsen, Per and Haas, Claus (2021), Civic Education in Denmark. Bundescentrale fur politische Bildung, https://www.bpb.de/die-bpb/partner/nece/328517/civic-education-in-denmark/

[28] Bruun, Jens. (2021), Civic and Citizenship Education in Denmark 1999-2019: Discourses of Progressive and Productive Education. In Barbara, Malak-Minkiewicz, and Judith, Torney-Purta (Eds.), Influences of the IEA Civic and Citizenship Education Studies: Practice, Policy, and Research across Countries and Regions, Springer, pp. 49-62.

[29] Цитирано кај: Ибид

политика (моќ, носење на одлуки и демократија), економија (производство, работа и потрошувачка) и општествените и културолошките услови (социјализација, култура, идентитети)". [30] Предметот задолжително мора содржински да опфати неколку домени:[31]

(1) Политика: демократија, политички систем, партии, идеологии, медиуми и политика, Европската унија и Данска, меѓународна политика

(2) Економија: приватни финансии, однесување на потрошувачите, држави на благосостојба, пазарна економија, одржливост

(3) Социјален живот и култура: социјализација, култура, социјална диференцијација (еднаквост и нееднаквост)

(4) Методи: комуникација, собирање на податоци, статистика

Доколку се направи подетален содржински преглед на наставните програми на овој предмет, воочлив е фокус врз анализирање на актуелни политички и општествени предизвици во Данска и светот, вклучувајќи и прашања поврзани со социјалните диспаритети во светот, меѓународна политика, меѓународни конфликти и интеграциски процеси.

Овој фокус врз комбинирање на теоретското знаење со анализирање на моменталните политички и општествени проблеми во светот е важна детерминанта на педагошкиот пристап кон формалната политичка едукација во Данска. Данското законодавство го потенцира овој елемент промовирајќи образование кое „им овозможува на учениците интерес и способност да се вклучуваат во демократски дискусии.....предавањата треба да промовираат независност и самодоверба кај учениците со цел да можат да дискутираат и да завземат квалификуван став за проблемите во општеството".[32] Оттука, големо внимание се посветува на работа со учениците насочена кон дискутирање на актуелни проблеми, што пак подразбира дополнителен ангажман на наставниците кон обезбедување курентни материјали и податоци преку кои се апсолвира предметот на изучување. Во сличен манир се организираат и тестирањата на учениците од кои покрај фактографско знаење, се бараат и аналитички вештини преку кои теоретското знаење се аплицира врз практични студии на случај кои го рефлектираат современото општество.[33]

---

[30] Undervisningsministeriet (UVM). Folkeskolen, 2017
[31] https://emu.dk/grundskole/samfundsfag
[32] Undervisningsministeriet (UVM). Gymnasiale uddannelser 2017
[33] Hansen, Mogens. (2020), Social Studies in Denmark: a Country Report. Journal of Social Science Education, 19:1, pp. 95-117

## Профил на наставници

Со оглед на децентрализираниот пристап кон образованието, но и крос-курикуларниот карактер на граѓанското образование во Данска, нема специфични компетенции кои се задолжителни за наставниците кои обработуваат теми поврзани со граѓанското образование. Меѓутоа, во рамките на задолжителните програми за обука на наставниците е предвидена темата „Христијанство, животно просветлување и граѓанство" која во целите на програмата предвидува помеѓу другото и зајакнување на знаењето и компетенциите на наставниците во областите на човекови права, граѓанство и демократски принципи.[34]

Сепак, еден од најважните фактори на успехот на образовните политики за политичко/граѓанско образование во Данска е односот и посветеноста на наставниците кон граѓанското образование. [35] Наставниците во примарното и секундарното образование во Данска мораат да имаат дипломирано на педагошка академија и да поминат задолжителна едногодишна пракса. Наставниците кои предаваат специјализирани предмети во повисоките години од средношколското образование (upper secondary school) мораат да имаат завршени магистерски студии во соодветната област и потоа да завршат едногодишна тренинг програма.[36] Данските наставници на сите нивоа на образовниот систем се едни од најплатените во светот.

Едукацијата на наставниците кои специјализираат во областа Општествени науки се одвива на 5 универзитети (Копенхаген, Роскилде, Архус, Алборг и Универзитеот на Јужна Данска) и опфаќа релативно интегриран систем на специјализација во научните области кои се опфатени со предметот, т.е. политички науки, социологија, економија, меѓународна политика и истражувачки методи.[37] Од 2017 год. на наставниците им се нудат и постдипломски студии по „Авторитет и граѓанство" [38] Во дидактичкиот и педагошкиот развој наставниците уживаат високо ниво на автономија, меѓутоа во сите инстанци се потенцира важноста на дебатирањето во училницата и практично согледување на предизвиците на демократијата.[39] Во оваа насока, многу честа пракса

---

[34] Bruun, Jens. (2021), Civic and Citizenship Education in Denmark 1999-2019: Discourses of Progressive and Productive Education. In Barbara, Malak-Minkiewicz, and Judith, Torney-Purta (Eds.), Influences of the IEA Civic and Citizenship Education Studies: Practice, Policy, and Research across Countries and Regions, Springer, pp. 49-62.

[35] Lieberkind, Jonas (2020), Democracy and togetherness: between students' educational and political status– a study of primary and lower secondary education in Denmark, Multicultural Education Review, 12:1, pp. 17-30

[36] OECD (2014), Education Policy Outlook: Denmark, достапно на: https://www.oecd.org/education/EDUCATION%20POLICY%20OUTLOOK%20DENMARK_EN.pdf

[37] Hansen, Mogens. "Social Studies in Denmark: a Country Report". Journal of Social Science Education, Vol. 19, No. 1, 2020, pp. 95-117, p. 108.

[38] European Commission/EACEA/Eurydice, 2017. Citizenship Education at School in Europe – 2017. Eurydice Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union.

[39] Hjort, Katrin. "De-democratisation in Denmark?". European Educational Research Journal, Vol. 5, No. 3 & 4, 2006, pp. 234-243.

помеѓу наставниците е организирање на вон-школски посети на државни институции и невладини организации.

## ПРЕПОРАКИ

Врз основа на досегашните искуства со спроведувањето на граѓанското образование во мкедонскиот образовен систем, како и споредбената анализа на имплементација на граѓанското образование во европските држави, ова истражување предлага неколку реформски потфати за поефективна граѓанска едукација на младите во Северна Македонија:

- Да се воспостави систем на граѓанско образование кој би комбинирал крос-курикуларен пристап во основното образование со воведување на задолжителен предмет во секундарното образование.
- Во контекст на основното образование да се изготви национална наставна програма по граѓанско образование третирана како меѓупредметна тема која би била обврзувачка за сите училишта во државата. Националната програма треба да содржи цели и приоритети на нејзиното спроведување и детално утврдување на темите, предметите во чии рамки би се изведувала наставата, очекуваните резултати и методите на настава за секој степен на одделение посебно.
- Во контекст на средношколското образование да се воведе задолжителен предмет на национално ниво за сите видови средни училишта. Предметот да се имплеменира најмалку во една година од образовниот процес.
- Образовните авторитети во државата да спроведат поопсежна реформа на содржината на граѓанско-образовната материја која се изучува или би се изучувала во рамките на националниот курикулум. Покрај утврдување на клучните теми кои треба да бидат изучувани, посебно внимание да се посвети кон развивање на вештини и афинитети кај учениците за учество во демократските процеси и зајакната граѓанска активност во локалните заедници.
- Да се воспостави соодветна методологија за евалуација и оценување.
- Да се спроведе опсежна евалуација на досегашните ефекти на граѓанското образование и да се отвори јавна дебата и консултации со општата јавност и сите засегнати страни.
- Да се воспостават методолошки одредници во спроведувањето на наставата кои ќе фаворизираат развој на вештини за критичко размислување, дебатирање, анализирање и проектна и групна работа.
- Во соработка со локалните организации на цивилното општество да се воспостави ресурсен центар за граѓанско образование кој би содржел бази на податоци на соодветни материјали, учебници, учебни помагала, примери за добри пракси и материјали за обуки и доусовршување.
- Во соработка со високобразовните установи во државата и со организациите на цивилното општество во рамките на Министерството за образование да се воспостави централизиран формален систем за континуирана (до)едукација на наставниот кадар во основните и средните училишта во областа на граѓанското образование.

- Да се зајакнат критериумите за стекнување со конкретни компетенции поврзани со политичките и демократските процеси и човековите слободи и права во рамките на педагошкото образование на државно ниво.
- Долгорочно, доколку се воведе задолжителен предмет по граѓанско образование, институционално да се воспостави категорија на наставник по граѓанско образование која цели кон прифилирање на полу-специјализиран или специјализиран кадар со јасно утврдени компетенции и завршено образование од областа на политичките науки и сродните општествени науки.
- Да се зајакне соработката помеѓу училиштата и локалната самоуправа во насока на развој на проекти за вон-курикуларни активности насочени кон јакнење на демикратската свест и демократското учество кај учениците.
- Да се работи кон зајакнување на улогата и учеството на младинските совети и средношколските организации во образовните политики во контекст на граѓанското образование